UDK 37

ISSN 2545 - 4439
ISSN 1857 - 923X

# INTERNATIONAL JOURNAL

Institute of Knowledge Management

# KNOWLEDGE

## Scientific Papers

Vol. 23. 5.

HUMANISTIC SCIENCES



KIJ Vol. 23 No. 5 pp. 1331 - 1716 Skopje 2018

Global Impact & Quality Factor 1.322 (2016) http://globalimpactfactor.com/knowledge-international-journal/

# KNOWLEDGE

# *INTERNATIONAL JOURNAL*

# *SCIENTIFIC PAPERS*

# *VOL 23.5*

*Promoted in Budva, Montenegro*

*24-27.05.2018*

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**

**SKOPJE, MACEDONIA**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific papers Vol. 23.5

**ADVISORY BOARD**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Siniša Zarić PhD, Maria Kavdanska PhD, Venelin Terziev PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Cezar Birzea PhD, Ljubomir Kekenovski PhD, Aleksandar Nikolovski PhD, Veselin Videv PhD, Ivo Zupanovic, PhD, Savo Ashtalkoski PhD, Svetlana Trajković PhD, Zivota Radosavljević PhD, Laste Spasovski PhD, Mersad Mujevic PhD, Nonka Mateva PhD, Rositsa Chobanova PhD, Predrag Trajković PhD, Dzulijana Tomovska PhD, Nedzat Koraljić PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Nikolina Ognenska PhD, Baki Koleci PhD, Lisen Bashkurti PhD, Trajce Dojcinovski PhD, Jana Merdzanova PhD, Zoran Srzentić PhD, Nikolai Sashkov Cankov PhD, Marija Kostic PhD

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**Editor in chief**
Robert Dimitrovski, PhD

**KNOWLEDGE - International Journal Scientific Papers Vol. 23.5**

**ISSN 1857-923X (for e-version)**
**ISSN 2545 – 4439 (for printed version)**

## SCIENTIFIC COMMITTEE

**President:** Academic, Prof. Vlado Kambovski PhD, Skopje (Macedonia)

**Vice presidents:**
Prof. Robert Dimitrovski PhD, Institute of Knowledge Management, Skopje (Macedonia)
Prof. Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade, Belgrade (Serbia)
Prof. Venelin Terziev PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)

**Members:**
- Prof. Aleksandar Nikolovski PhD, FON University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Aleksandar Korablev PhD, Dean, Faculty for economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Antoanela Hristova PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Alisabri Sabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolver Hampton, (United Kingdom)
- Prof. Ana Dzumalieva PhD, South-West University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Boshkovic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Baki Koleci PhD, University Hadzi Zeka, Peya (Kosovo)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of Law, Kragujevac (Serbia)
  Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University “Goce Delcev”, Shtip (Macedonia)
- Prof. Cezar Birzea, PhD, National School for Political and Administrative Studies, Bucharest (Romania)
- Prof. Cvetko Andreevski, Dean, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Drago Cvijanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Dusan Ristic, PhD Emeritus, College of professional studies in Management and Business Communication, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dimitar Radev, PhD, Rector, University of Telecommunications and Post, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Daniela Todorova PhD, Rector of “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Dragan Kokovic PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dragan Marinkovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Daniela Ivanova Popova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Dean, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola(Macedonia)
- Prof. Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)
- Prof. Georgi Georgiev PhD, National Military University “Vasil Levski”, Veliko Trnovo (Bulgaria)

- Prof. Helmut Shramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Hristina Georgieva Yancheva, PhD, Rector, Agricultural University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, Rector of the University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Hristina Milcheva, Medical college, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Izet Zeqiri, PhD, Academic, SEEU, Tetovo (Macedonia)
- Prof. Ivan Marchevski, PhD, Rector, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Ivan Petkov PhD, Rector, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Isa Spahiu PhD, AAB University, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelik PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, Podgorica (Montenegro)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Jova Ateljevic PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jove Kekenovski PhD, Faculty of Tourism, UKLO , Bitola (Macedonia)
- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar“ - Varna (Bulgaria)
- Prof. Jelena Stojanovic PhD, High medicine school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
- Prof. Katerina Belichovska, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Krasimir Petkov, PhD, National Sports Academy "Vassil Levski", Sofia (Bulgaria)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (Macedonia)
- Prof. Lujza Grueva, PhD, Faculty of Medical Sciences, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Ljubomir Kekenovski PhD, Faculty of Economics, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Marusya Lyubcheva PhD, University "Prof. Asen Zlatarov", Member of the European Parliament, Burgas (Bulgaria)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Maja Lubenova Cholakova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Mihail Garevski, PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology, Skopje (Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Mitko Kotovchevski, PhD, Faculty of Philosophy, UKIM, Skopje (Macedonia)

- Prof. Milan Radosavljevic PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovikj, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Marija Knezevic PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Margarita Bogdanova PhD, D.A.Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Mahmut Chelik PhD, Faculty of Philology, University “Goce Delchev”, Shtip (Macedonia)
- Prof. Marija Mandaric PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Mustafa Kacar PhD, Euro College, Istanbul (Turkey)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Miodrag Smelcerovic PhD, High Technological and Artistic Vocational School, Leskovac (Serbia)
- Prof. Nadka Kostadinova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Nenad Taneski PhD, Military Academy “Mihailo Apostolski”, Skopje (Macedonia)
- Prof. Nevenka Tatkovic PhD, Juraj Dobrila University of Pula, Pula (Croatia)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Nikolay Georgiev PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nikolina Ognenska PhD, Faculty of Music, SEU - Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Nedzat Korajlic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Nishad M. Navaz PhD, Kingdom University (India)
- Prof. Oliver Iliev PhD , Faculty of Communication and IT, FON University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Oliver Dimitrijevic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Prof. Paul Sergius Koku, PhD, Florida State University, Florida (USA)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Predrag Trajkovic PhD, JMPNT, Vranje (Serbia)
- Prof. Petar Kolev PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Pere Tumbas PhD, Faculty of Economics, University of Novi Sad, Subotica (Serbia)
- Prof. Rade Ratkovic PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Rositsa Chobanova PhD, University of Telecommunications and Posts, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Stefanov PhD, Dean, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Sasho Korunoski, Rector, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Sashko Plachkov PhD, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Sreten Miladinoski, PhD, Dean, Faculty of Law, MIT University (Skopje)
- Prof. Snezhana Lazarevic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Stojan Ivanov Ivanov PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)

Prof. Snezana Stoilova, PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)

- Prof. Stojna Ristevska PhD, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Suzana Pavlovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Sandra Zivanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Shyqeri Kabashi, College “Biznesi”, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Trayan Popkochev PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Todor Krystevich, Vice Rector, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Todorka Atanasova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Doc. Tatyana Sobolieva PhD, State Higher Education Establishment Vadiym Getman Kiyev National Economic University, Kiyev (Ukraine)
- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Tosko Krstev PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting, Zagreb (Croatia)
- Prof. Violeta Dimova PhD, Faculty of Philology, University “Goce Delchev”, Shtip (Macedonia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technologogical Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Valentina Staneva PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Vladimir Lazarov PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Vasil Zecev PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Venus Del Rosario PhD, Arab Open University (Philippines)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Zlatko Pejkovski, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljevik PhD, Dean, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

**EDITORIAL REVIEW BOARD**

- Robert Dimitrovski PhD, Institute of Knowledge Management, Skopje (Macedonia)
- Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade, Belgrade (Serbia)
- Venelin Terziev PhD, University of Rousse (Bulgaria)
- Mersad Mujevic, PhD, Podgorica (Montenegro)
- Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, South West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Ana Dzumalieva PhD, South-West University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Aleksandar Nikolovski PhD, FON University, Skopje (Macedonia)
- Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University “Goce Delcev”, Shtip (Macedonia)
- Branko Boskovic PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Bulgaria)
- Drago Cvijanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Dusan Ristic, PhD Emeritus, College of professional studies in Management and Business Communication, Novi Sad (Serbia)
- Dimitar Radev, PhD, Rector, University of Telecommunications and Post, Sofia (Bulgaria)
- Dzulijana Tomovska, PhD, Dean, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola(Macedonia)
- Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)
- Hristina Milcheva, Medical college, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Evdokia Petkova, South West University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Georgi Georgiev PhD, National Military University “Vasil Levski”, Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Ivan Marchevski, PhD, Rector, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Izet Zeqiri, PhD, South East European University, Tetovo (Skopje)
- Isa Spahiu PhD, International Balkan University (Macedonia)
- Jove Kekenovski PhD, Faculty of Tourism, UKLO , Bitola (Macedonia)
- Krasimira Staneva, PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)
- Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (Macedonia)
- Lujza Grueva, PhD, Faculty of Medical Sciences, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Ljubomir Kekenovski PhD, Faculty of Economics, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Marios Miltiadou, PhD, Aristotle University of Thessaloniki (Greece)
- Marusya Lyubcheva PhD, University “Prof. Asen Zlatarov”, Member of the European Parliament, Burgas (Bulgaria)
- Maja Lubenova Cholakova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Mitko Kotovchevski, PhD, Faculty of Philosophy, UKIM, Skopje (Macedonia)
- Margarita Bogdanova PhD, D.A.Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Mahmut Chelik PhD, Faculty of Philology, University “Goce Delchev”, Shtip (Macedonia)
- Mirjana Borota – Popovska, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)

- Nikolina Ognenska PhD, Faculty of Music, SEU - Blagoevgrad (Bulgaria)
- Rade Ratkovic PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Snežana Milićević PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Trayan Popkochev PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Violeta Dimova PhD, Faculty of Philology, University "Goce Delchev", Shtip (Macedonia)
- Valentina Staneva PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Zlatko Pejkovski, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (Macedonia)

## Contents

DEVOLPING LANGUAGE COMPETENCES DURING THE ACQUISITION OF THE SECOND LANGUAGE ... 1347
Violeta Nikolovska ... 1347
INTENSIVE METHODS USED IN ENGLISH LANGUAGE LEARNING IN THE PRIMARY SCHOOL ... 1353
Maria Mladenova ... 1353
SUMMARY OF THE FOREIGN LANGUAGE LEARNING STRATEGIES AND OVERVIEW OF THE STRATEGIES IN ACQUIRING PROPER PRONUNCIATION ... 1359
Vesna Prodanovska-Poposka ... 1359
Vesna Koceva ... 1359
EDUCATIONAL-INSTRUCTIVE WORK AT THE LANGUAGE SCHOOL„ACAD. LYUDMIL STOYANOV”- BLAGOEVGRAD ... 1365
Hristina Popova ... 1365
RESEARCH IN PRAGMATICS AND FOREIGN LANGUAGE TEACHING ... 1369
Marija Kusevska ... 1369
Biljana Ivanovska ... 1369
Nina Daskalovska ... 1369
SIGNIFICANCE OF SLAVIC MANUSCRIPTS (EDUCATION) ... 1375
Violeta Martinovska ... 1375
Natalija Josheva ... 1375
ROBERT LOWELL - CONFESSING THE ART OF POETRY ... 1379
Lidija Davidovska ... 1379
GRAMATICAL EVIDENTIALS IN MACEDONIAN AND BULGARIAN LANGUAGE THROUGH THE PRISM OF BULGARIAN LINGUISTIC TRADITION ... 1385
Igor Stanojoski ... 1385
THE ROLE OF SOCIAL INTERACTION IN LANGUAGE ACQUISITION ... 1391
Isa Spahiu ... 1391
Edita Kamberi Spahiu ... 1391
INSIGHT INTO THE MOST SIGNIFICANT CLUES OF IELTS ... 1395
Djukica Mirkovic ... 1395
Miodrag Smelcerovic ... 1395
Marica Simic ... 1395
Jelena Abula ... 1395
THE ALBANIAN AORIST AND ITS TRANSLATION EQUIVALENTS IN ENGLISH ... 1399
Blerta Demiri ... 1399
TEACHING LATIN THROUGH ENGLISH OF ITALIAN STUDENTS IN MEDICAL CONTEXT: ACHIEVEMNTS AND PERSPECTIVES ... 1405
Veronika Kelbecheva ... 1405
DESCRIPTIVE CONSTRUCTIONS IN ENGLISH AND LATIN: SOME METHODOLOGICAL REMARKS ... 1411
Ivan P. Petrov ... 1411
CHALLENGES OF TEACHING AND PREPARING FUTURE ENGLISH LANGUAGE TEACHERS AND LINGUISTS ... 1415
Iris Klosi ... 1415
STUDENTS’ PERCEPTIONS OF USING CORPORA AS REFERENCE TOOLS IN ESSAY ERROR CORRECTION AND EXPLORING WORDS WITH AFFIXES: A PILOT STUDY ... 1419
Emin Idrizi ... 1419
Igballe Miftari ... 1419

ANALYSIS OF PHONETIC, GRAMATICAL AND LEXICAL SKILLS OF ENGLISH LANGUAGE STUDENTS IN THE TECHNICAL SCHOOL "LUTFI MUSIC" IN VUSHTRRI . 1425
Albulena Pllana Breznica ... 1425
Fisnike G. Pllana ... 1425
THE PHONOLOGICAL ELEMENT IN TEACHING THE FOREIGN LANGUAGE ... 1429
Lindita Kazazi ... 1429
PERSISTING PROBLEMS IN TEACHING SERBIAN LANGUAGE AS NON-MOTHER TONGUE IN RURAL PRIMARY SCHOOLS IN THE MUNICIPALITES OF PRESEVO ... 1433
Kemal Džemić ... 1433
Ahmet Bihorac ... 1433
RENARRATION OF PAST ACTIONS IN MACEDONIAN LANGUAGE ... 1439
Igor Stanojoski ... 1439
REFUSAL STRATEGIES IN BUSINESS COMMUNICATION OF NATIVE ENGLISH SPEAKERS ... 1443
Polina Mitkova ... 1443
REFLEXIONS ON THE IMPORTANCE OF GRAMMAR TEACHING IN A FOREIGN LANGUAGE ... 1449
Eliana Laçej ... 1449
SOME FACTORS HINDERING THE TEACHING AND THE ACQUISITION OF THE ENGLISH LANGUAGE IN HIGHER EDUCATION ... 1455
Lediana Beshaj ... 1455
FOR A NEW BREATH LITERATURE TEACHING ... 1461
Alma Hafizi ... 1461
HIGHLIGHTS FOR THE ROLE IN THE " THE LEGEND OF RUGOVA " ... 1467
Melihate Zeqiri ... 1467
EFFICIENCY AND HEADLINE PATTERNS ON THE *COSMOPOLITAN* BULGARIA WEBSITE ... 1473
Radostina Iglikova ... 1473
THE USE OF SPANISH NEWSPAPERS AS A DIDACTIC MATERIAL TO IDENTIFY STEREOTYPES OVER ALBANIA AND ALBANIANS ... 1479
Mimoza Puto ... 1479
THE MEDIA AND THE REPRESENTATION OF THE CULTURALLY - SOCIOLOGICAL IDENTITY (REALITY SHOW FORM AND EMISSION "MOMENT OF THE TRUTH") ... 1485
Biljana Rajčinova-Nikolova ... 1485
LANGUAGE OF ADVERTISING AS A COMMUNICATION ... 1491
Ahmed Bihorac ... 1491
Kemal Džemić ... 1491
THE IMPORTANCE OF COMMUNICATION BETWEEN TEACHERS AND STUDENTS IN THE DEVELOPMENT OF COMMUNICATION SKILLS IN FOREIGN LANGUAGES ... 1499
Aterda Lika ... 1499
STUDY ON THE PROCESSING OF NATURAL LANGUAGES (ALBANIAN LANGUAGE) THROUGH METHODS OF ARTIFICIAL INTELLIGENCE ... 1503
Slavço Çungurski ... 1503
Burim Rexhepi ... 1503
Dimche Zvrcinov ... 1503
ASPECTS OF TODAY'S CULTURAL ENVIROMENT – 'MESSAGE' TO INSTRUMENTAL TEACHER ... 1509
Stela Miteva-Dinkova ... 1509

BULGARIAN SONG FOLKLORE IN THE STUDIES OF MUSIC IN THE 5TH TO 7TH FORM OF COMPREHENSIVE SCHOOL ... 1515
Milana Vlahova - Ilkova ... 1515
NOTE LITERACY OF THE STUDENTS OF 3. GRADE OF THE GENERAL EDUCATION SCHOOL IN BULGARIA BY ELECTRONIC TEXTBOOK ... 1521
Krasimira Georgieva Fileva – Ruseva ... 1521
PEDAGOGICAL METHODS IN PIANO TECHNICAL DEVELOPMENT ... 1529
Alba Muqolli-Dehiri ... 1529
Mimoza Pajaziti-Drançolli ... 1529
THE MUSICAL IMAGINATION IN THE PRACTICAL SPHERE OF STUDENTS MUSICAL PEDAGOGES ... 1533
Tsvetanka Kostadinova Kolovska ... 1533
VISUALISATION – A KEY PRINCIPLE FOR STRUCTURING SOLFEDGIO LESSONS IN THE PRE-SCHOOL STAGE OF THE MUSICAL HEARING EDUCATION ... 1539
Milena Bogdanova ... 1539
ЗА ПРОБЛЕМИТЕ НА ГРУПОВОТО ЕДНОГЛАСНО, ДВУГЛАСНО И ХОРОВО ПЕЕНЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ИЗУЧВАЩИ НАРОДНО ПЕЕНЕ ... 1545
Бинка Котетерова-Добрева ... 1545
THE EMERGENCE OF ART FOR CHILDEREN UNDER THE INFLUENCE OF ART EDUCATION ... 1551
Zora Yanakieva ... 1551
PANTHEISM THROUGH CHRISTIANITY AND ISLAM; EXPLORING THE CONCEPTS OF RELIGION IN THOREAU'S WALDEN ... 1557
Fahreta Fijuljanin ... 1557
Kanita Višnjić ... 1557
CATEGORIES AND RATINGS OF ANGER AND ANGER TOWARDS YOURSELF ... 1563
Plamen Angelov Tzokov ... 1563
ETHNIC CHILD POVERTY SPECIFICATIONS ... 1571
Kamelia Petkova ... 1571
POVERTY IN REPUBLIC OF MACEDONIA ... 1579
Kire Sharlamanov ... 1579
Aleksandar Jovanoski ... 1579
CONCEPTUALIZATION OF UNDERSTANDING FOR CHILD POVERTY ... 1587
Rumiana Budjeva ... 1587
ABUSE OF CHILDREN AS A WORK FORCE, A CHALLENGE FOR KOSOVO'S INSTITUTIONS AND SOCIETY ... 1593
Valbone Ramaj ... 1593
SOCIAL WORKER'S ROLE IN THE REHABILITATION OF THE CHILDREN IN STREET SITUATION IN TIRANA CITY ... 1597
Lorena Çadri ... 1597
CONSUMPTION OF ALCOHOL AND TOBACCO OF PARTICIPANTS IN EXPEDITIONARY OPERATIONS ... 1601
Pavlin Glushkov ... 1601
BROTHER/ SISTER WITH DISABILITIES AFFECTS THE BROTHER/SISTER IN THEIR SOCIAL LIFE, THEIR INTERACTION WITH OTHER HUMAN BEINGS AND THE CREATION OF NEW SOCIAL RELATIONS ... 1607
Shkëlzen Limani ... 1607
POLITICAL THEOLOGY RE-CONCEPTION BIBLICAL PREMISES ... 1613
Ljupco Ristovski ... 1613

THE RELIGIOUS ISSUE IN THE KINGDOM OF SCS / YUGOSLAVIA ... 1621
Rejhan Mandak ... 1621
THE TERMS: SACRED, DANGEROUS, UNCLEAN AND THE ROLE OF TABOOS IN THE SOCIOLOGICAL SCIENCE ... 1629
Sonja Rizoska Jovanovska ... 1629
THE CONSENT OF PARENTS FOR MARRIAGE OF THE INTENDING SPOUSES: "BEGALKA", "CORBADZI TEODOS" AND "PECALBARI" - CUSTOMARY LAW OF THE MACEDONIAN PEOPLE - CIVIL LAW - THE SACRED CANONS OF THE HOLY ORTHODOX CHURCH ... 1637
Pance Kosev ... 1637
THE NEED FOR CONTEMPORARY INTERPRETATION OF THE QURAN ... 1643
Abdulxhemil Nesimi ... 1643
POLITICAL REPRESENTATION OF BULGARIAN MUSLIMS /ATTEMPTS TO CREATE A POMAK PARTY/ ... 1649
Milen Ruzhenov Zhurnalov ... 1649
POLAND AFTER THE SECOND WORLD WAR ... 1655
Gorancho Jakimov ... 1655
INTERCULTURAL COMMUNICATION AND CHALLENGE OF ALBANIA IDENTITY IN THE PERIOD OF GLOBALIZATION ... 1659
Bukuroshe Isufaj ... 1659
EDUCATIONAL ASPECTS OF FITNESS IN A HISTORICAL PLAN AND IN THE MODERN SOCIETY ... 1665
Ivan Nedelchev ... 1665
PARTICIPATION OF SPORTS – ANIMATIVE CONTENTS IN THE STRUCTURE OF THE LEISURE TIME TO THE STUDENT - TOURIST ... 1671
Liza Pantekovska ... 1671
Dalibor Dimkovski ... 1671
Tanja Kitanovska Stojkovska ... 1671
STUDENT CENTERED LEARNING AS APPROACH TO ENHANCE BETTER QUALITY OF THE EDUCATION PROCESS ... 1679
Valentin Petroussenko ... 1679
Bisserka Veleva ... 1679
ESTABLISHING A PLAN AND MANAGEMENT TEAM FOR EMERGENCY SITUATIONS ... 1683
Pavle Trpeski ... 1683
FLOODS AS NATURAL CATASTROPHIES ... 1693
Pavle Trpeski ... 1693
DECISIONS AND SOLVING PROBLEMS ... 1697
Genti Begolli ... 1697
CALCULATING THE COST OF PROCESSES IN THE SERVICE SECTOR ... 1703
Irina Joldeska ... 1703
Stevcho Mecheski ... 1703
A PEACEFUL SETTLEMENT OF DISPUTES: A CROATIAN-SLOVENIAN DISPUTE OVER THE DEMARCATION OF THE SEA BORDER ... 1711
Arijeta Selimi ... 1711

# RESEARCH IN PRAGMATICS AND FOREIGN LANGUAGE TEACHING

**Marija Kusevska**
Goce Delchev University, Shtip, Republic of Macedonia marija,.kusevska@ugd.edu.mk
**Biljana Ivanovska**
Goce Delchev University, Shtip, Republic of Macedonia, biljana.ivanovska@ugd.edu.mk
**Nina Daskalovska**
Goce Delchev University, Shtip, Republic of Macedonia, nina.daskalovska@ugd.edu.mk

**Abstract:** In spite of all the help that teachers get from book publishers and teacher-training providers, there is still a role that teachers themselves have to fill. It is essentially important that they ask themselves questions of the type: What do my students know? What language problems do they face? Why don't my B1, or even B2 students rarely use *could/ may/ might* when I am sure that they know these verbs? Why in normal conversation they have problems responding to very basic conversational routines like *It was nice talking to you*? Why can't they properly ask if a sit in a full restaurant is taken or for someone's telephone? It has become increasingly important for teachers to refer to research or become researchers themselves and develop an evidence-based approach to answer these questions. The intention of this paper is to promote evidence-based teaching of foreign languages and to provide an example of how academic research can provide ample evidence of language learner needs and difficulties as well as shed light on how to resolve them. Our goals, therefore, are the following: 1. to stress the need of expanding academic research to all aspects of language learning and teaching in our country; 2. to point to practicality of academic research; 3. to give an example of how research can be incorporated in foreign language teaching; and 4. to motivate teachers to read research articles and even become researchers themselves. In another paper we focus in more detail on how interlanguage pragmatics research can play a part in syllabus design. Here we focus on how we can develop lessons and methodology for teaching pragmatics around such syllabus. We first demonstrate how instruction can benefit from interlanguage pragmatics research by using the results obtained through the project "The role of explicit instruction in developing pragmatic competence in learning English and German as foreign languages" carried out at Goce Delcev University, Stip, Republic of Macedonia, for developing pragmatics-focused curriculum. After selecting the target forms for instruction, we present the e-learning modules designed to address the identified deficiencies. Finally, we present the future activities of the project. We hope that the project presented here will encourage teachers to adopt the pragmatic, evidence-based approach in their own teaching, which in turn will bring about the development of learners' overall communicative competence in the target language and culture.
**Keywords:** academic research, complaints, e-modules, pragmatics, syllabus design

# ПРАГМАТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА И НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

**Марија Кусевска**
Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Република Македонија, marija.kusevska@ugd.edu.mk
**Билјана Ивановска**
Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Република Македонија, biljana.ivanovska@ugd.edu.mk
**Нина Даскаловска**
Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Република Македонија, nina.daskalovska@ugd.edu.mk

**Резиме:** И покрај тоа што наставниците добиваат огромна помош од издавачите и од провајдерите на обуки за наставници, сепак има работи кои тие самите треба да ги направат. Во суштина, многу е важно тие самите да си поставуваат прашања од типот: Што знаат моите студенти? Со кои јазични проблеми се соочуваат? Зошто моите студенти на Б1, па дури и на Б2 ниво, ретко ги користат модалните глаголи *could/ may/ might* за кои сум сигурна дека ги знаат? Зошто во обичен разговор имаат проблем соодветно да одговорат на рутинските конверзациски изрази од типот *It was nice talking to you*? Зошто имаат проблем да прашаат дали единственото празно место во преполниот ресторан е слободно или да го побараат телефонот на лицето со кое штотуку се запознале? Денес станува речиси неопходно при барањето на одговорите на овие прашања професорите да се потпираат на резултатите на научните истражувања наместо да се потпираат на својата интуиција. Оттука, целта на овој труд е да го промовира користењето на емпириските прагматички истражувања во наставата по странски јазици и да даде

конкретен пример како научните истражувања може да обезбедат доказ за тоа што изучувачите на странскиот јазик знаат, што треба уште да научат и како да го постигнат тоа. Според тоа, со овој труд сакаме: 1. да ја нагласиме потребата од проширување на научните истражувања во сите сфери на учењето на странските јазици во нашата земја; 2. да покажеме дека научните истражувања имаат практична примена; 3. да дадеме пример како научните истражувања може да се инкорпорираат во наставата по странски јазици; и 4. да ги мотивираме наставниците да ги користат научните истражувања, па и самите да се занимаваат со истражување. Во еден од претходните наши трудови ја дискутираме употребата на резултатите на емпириските истражувања во прагматиката на меѓујазикот за креирање наставни планови. Во овој труд покажуваме како вака креираните програми може да се користат за составување лекции за совладување на откриените проблеми во областа на прагматиката. Прво, ги претставуваме резултатите од емпириските истражувања за развојот на прагматичката компетенција кај изучувачите на странски јазици добиени при реализацијата на проектот „Улогата на експлицитните инструкции за развивање прагматичка компетенција при учењето англиски и германски како странски јазици“ кој се одвива на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Република Македонија. По издвојувањето на оние форми за кои се потребни дополнителни активности, ги презентираме е-модулите кои ги составивме со цел да овозможат надминување на овие проблеми. На крај, ги презентираме идните активности на овој проект.. Се надеваме дека овој труд ќе ги поттикне наставниците да го користат овој приод во својата работа, што од своја страна ќе придонесе за развивање на комуникациските вештини на нивните студенти во јазикот и културата кои ги изучуваат.
**Клучни зборови:** академско истражување, проговарање, е-модули, прагматика, наставни планови

**1. ВОВЕД**

Развојот на глобализацијата во современиот свет доведе до зголемена комуникација меѓу луѓето од различни култури. Тоа ја поттикна потребаа за плански развој на прагматичката компетенција кај изучувачите на странски јазици. Бројот на научни истражувања кои се занимаваат со процесот на стекнување прагматичка компетенција во вториот/странскиот јазик е сè поголем. Тие се вршат и во средини во кои овие јазици се усвојуваат на природен начин, преку изложување на јазикот, и во средини со ограничен инпут, во кои овие јазици се изучуваат како странски јазици, пред сè во училница. И покрај тоа што развојот на прагматичката компетенција во вториот/странскиот јазик се разгледува во многу истражувања и публикации од областа на меѓукултурната прагматика и прагматиката на меѓујазикот (Bardovi-Harlig, 1999; 2001; Barron, 2003; Blum-Kulka, House, & Kasper, 1989; Cohen & Ishihara, 2005; Ishihara & Cohen, 2010; Kasper & Blum-Kulka, 1993; McConachy & Hata, 2013; Trosborg, 2010; Wigglesworth & Yates, 2007 etc.), наставниците и нивните обучувачи сè уште не ѝ обрнуваат доволно внимание.

Развојот на прагматичките компетенции е дел и од ЗЕРР (Заедничката европска рамка за референтни нивоа) (Council of Europe, 2001), преку која ова прашање се внесува во наставните програми и во изборот на методологијата за предавање странски јазици. И бројот на истражувачи кои ја истражуваат и ја признаваат важноста на наставата за развојот на прагматичката компетенција денес е поголем од пред неколку години (Alcón & Martínez-Flor, 2008; Ishihara, 2011; LoCastro, 2012). Сите тие сметаат дека составувачите на наставните програми треба да ги земаат во предвид резултатите на овие емпириски истражувања за да можат да донесат соодветни одлуки за тоа што ќе предаваат и како ќе предаваат. Овој труд има за цел да даде свој придонес кон овој тренд на поврзување на емпириските прагматички истражувања и составувањето наставни програми.

И покрај тоа што постои општа согласност дека прагматиката треба да биде вклучена во наставата по странски јазици, следните прашања постојано се наметнуваат: 1. Кои прагматички карактеристики треба да се предаваат? 2. Во која фаза од учењето на странскиот јазик е соодветно тие да се работат? и 3. На кој начин треба да се спроведе наставата за тие да бидат успешно усвоени? (Cohen, 2017; Roever, 2009).

Проектот опишан во овој труд беше започнат токму заради предизвиците кои ги наметнува составувањето наставни програми за учење странски јазик врз прагматичка основа. Оттука, целта на овој труд е да даде пример како емпириските истражувања на прагматиката на меѓујазикот можат да помогнат при составувањето наставни програми за учењето странски јазици. Прво, ќе го опишеме истражувањето врз основа на кое го составивме нашиот силабус. Потоа, ќе се осврнеме на резултатите добиени од истражувањето и на прагматичките карактеристики за кои беа составени лекции. На крај, ќе ги опишеме лекциите преку кои се работеа издвоените единици.

## 2. ОПИС НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Ова истражување се одвиваше во рамките на проектот „Улогата на експлицитните инструкции за развивање прагматичка компетенција при учењето англиски и германски како странски јазици", спроведен на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Република Македонија. Во првата фаза на проектот, се испитуваше прагматичката компетенција на изучувачите врз основа на нивната реализација на говорните чинови замолување, извинување и приговарање во јазикот кој го изучуваат (англиаки или германски). Податоците за анализа беа собрани преку Прашалник за анализа на дискурс и игра по улоги, дополнети со интроспективно усно интервју. Целта на оваа фаза беше да се откријат оние елементи на говорните чинови со кои студентите сè уште имаа проблеми.

Информациите добиени со истражувањето во првата фаза потоа беа искористени за дизајнирање е-модули во кои се разработуваа слабостите забележани во првата фаза (Кусевска, Ивановска и Даскаловска, 2017). Е-модулите беа поставени на платформата за е-учење на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Република Македонија. Тие се состоеја од лекции за самостојно учење. Нивната цел беше да се зголеми свесноста на студентите за формулирањето на овие говорни чинови и да им се даде можност да ги вежбаат. На студентите им беа дадени два месеца да ги поминат е-модулите и да ги направат задачите содржани во нив. Имаше по еден професор одговорен за секој од модулите кому студентите можеа да му се обратат ако имаат прашања и кој водеше сметка дека задачите се правилно изработени и поставени. Имаше два модули за англиските говорни чинови (замолување и приговарање) и еден за германските (замолување). Од нив се очекуваше да ги постигнат следните цели:

1. да ја подигнат свесноста на студентите за тоа како родените говорители на англискиот/ германскиот јазик ги постигнуваат своите комуникациски цели;
2. да ја подигнат свесноста на студентите за структурата на говорните чинови кои беа во фокусот и за тоа како родените говорители ги модифицираат за да ги направат поприфатливи; и
3. да создадат услови за вежбање на употребата на овие говорни чинови во различни ситуации.

Во овој труд се осврнуваме на е-модулот за приговарање во англискиот јазик. Во истражувањето учествуваа 52 студенти од третта година на Катедрата по англиски јазик, на возраст од 19 до 24 години, на Б2 ниво. Тие учествуваа и во првата и во втората фаза на проектот. Никој од нив сè уште не бил во земја од англиско говорно подрачје. Ако се исклучи Интернетот, тие имале многу ограничени можности да го користат англискиот јазик во секојдневната комуникација надвор од средината на учење. Во продолжение на трудот, прво ќе ги опишеме јазичните карактеристики на приговарањето во англискиот јазик за кои беше заклучено дека студентите имаат проблеми, а потоа ќе се осврнем на е-модулите.

## 3. ЈАЗИЧНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ ВКЛУЧЕНИ ВО Е-МОДУЛОТ ЗА ПРИГОВАРАЊЕ

Истражувањето во првата фаза на проект се однесуваше на тоа како македонските изучувачи го формулираат приговарањето кога се изразуваат на англиски јазик. Нивните приговори потоа беа споредени со приговорите на родените говорители во поглед на стратегиите за приговарање, рамките на приговарањето и модификацијата на говорните чинови. Беше забележано, дека изучувачите имаат проблеми со следните јазични карактеристики:

1. Внатрешна модификација – синтаксички средства: вградување на прашањата во други изрази (*I just wanted to ask if; I was wondering if; I would like to ask*); модалност: користење на минатото време, хипотетички конструкции и користење на модалните глаголи (*I thought; I wanted to talk to you; I think there may have been a mistake on my grade; I think there might be a mistake*); и користење на негативни конструкции од типот *I'm not sure why I got this grade.*

2. Внатрешна модификација – лексички средства: модални прилози: *perhaps, maybe, possibly* (*Do you think you could possibly turn down the volume a bit? Hey, I have this huge test tomorrow I'm trying to study for. Could you maybe keep it down?*); средства за намалување: *a little bit, a bit, a little, a second, not very much, just, simply, only* (*I just wanted to ask if you could be less noisy; Hey can you please keep it down a little I'm really trying to study for a test tomorrow*); средства за изразување непрецизност: *kind of, sort of, somehow, in a way* (*You're kind of too noisy; Would you mind turning the music down and keeping it somewhat quiet*?); глаголи за изразување знаење и несигурност: *I don't think, Do you think, I (don't) feel, I guess, I suppose, It seems, I don't know, I mean, try* (*Do you guys think you could keep it down a bit. I don't think it's fair for you to cut in. I feel like I deserve a better grade*); маркери за намалување на растојанието и изразување солидарност: *I know/ understand; do you know/ understand; okay?; guys* (*Do you guys think you could keep it down a bit*?).

3. Надворешна модификација: thanking, apologizing, giving praise, complimenting, request for repair, grounders (*Thanks for picking me up, but I'm really gonna be late. I live next door. Can you please try to keep the noise down. Not to be rude, but I've been here for an hour and the end of the line is back there.*)

4. Должина на исказите

**4. ОПИС НА Е-МОДУЛОТ ЗА ПРИГОВАРАЊЕ**

Е-модулот за приговарање се состоеше од четири лекции: Воведна лекција (Кус вовед во прагматика), Лекција 1 (Вовед во говорниот чин на приговарање), Лекција 2 (Обликување на приговарањето) и Дополнителни задачи (Како да ги направите вашите приговори поприфатливи). Овие лекции содржеа активности за подигнување на свесноста на изучувачите за прагматичките значења на посебните јазични средства кои родените говорители ги користат при формулирање на своите приговори и практични вежби кои им овозможуваат на изучувачите да ги применат добиените информации.

Во Воведната лекција, прагматиката се дефинира како научно поле кое проучува како говорителите го креираат значењето за остварување на своите комуникациски цели. Тие може да им даваат различни значења на јазичните изрази, а соговорниците треба соодветно да ги интерпретираат овие значања за да може комуникацијата да се одвива без проблеми. Дефинирани се говорните чинови како и другите основни прагматички термини, како учтивост, општествено растојание, ублажување и сл. Дадени се објасненија како овие феномени се поврзуваат со говорните чинови и како односот меѓу говорителите, итноста на ситуацијата, тежината на наметнувањето и сериозноста на прекршокот влијаат врз изборот на јазичните средства при формулирањето на приговорите. Учтивоста се разгледува преку културните вредности и се прави споредба на македонската и англосаксонската култура. Активностите вклучуваат идентификација на значењето, идентификација на говорните чинови, конверзациска анализа и анализа на ситуациите, составување дијалози, и споредба на разговори од различни култури.

Лекција 1 подетално се осврнува на приговарањето како говорен чин. Дадени се неколку интернет сајтови на кои се дадени совети во врска со формулирање на приговорите.

*1. How to complain without sounding like a jerk* (Како да приговарате, а да не звучите непредвидливо) https://youtu.be/9X0ZKxYOTVE;

*2. Complaining and disagreeing politely and effectively–negatives+mild adjectives* (Учтиво и ефикасно приговарање и несогласување –негација+придавка со ублажено значење) https://youtu.be/y5lm91xPeuo;

*3. YouTube Complaints* (Приговори на Јутјуб) https://www.youtube.com/watch?feature=player_embedded&v=bTPNAF2wsiA;

*4. Translating Your Complaints into Requests for Action* (Претварање на приговорите во замолување) http://www.newconversations.net/communication-skills-workbook/from-complaints-to-requests/.

Задачите кои изучувачите треба да ги направат во врска со овие сајтови се од типот на фаќање белешки, забележување на разликите и преобликување на приговорите.

Целта на Лекција 2 беше да ја подигне свесноста на изучувачите за структурата на говорниот чин на приговарање и да го насочи нивното внимание кон следното: 1. граматичките форми преку кои приговорите се остваруваат (асертивни изјави, прашања и барања) и ефектот кој се постигнува со нив во комуникацијата; 2. како да не се става вината единствено на соговорникот и како да се формулира приговорот на учтив и индиректен начин; 3. како да се модифицираат приговорите (со внатрешна и надворешна модификација); и 4. колку долги треба да бидат исказите за приговарање за да бидат успешни. Активностите во овој дел се состоеја од следните компоненти:

1. подигнување на свесноста за говорниот чин на приговарање преку задачи кои од изучувачите бараа да фаќаат белешки, да анализираат дијалози, концепти и ситуации, да пишуваат заклучоци и куси есеи, и сл.;

2. метапрагматички објаснувања и тестови за социопрагматичките и прагма-лингвистичките аспекти на приговарањето, разговори за соодветноста на исказите, и сл.;

3. вежби со замена на едни јазични средства со други, реформулација, пополнување;

4. самостојни вежби за формулирање приговори во различни ситуации.

Целта на Воведната лекција, Лекција 1 и Лекција 2 беше да се подигне свесноста на изучувачите за принципите на комуникација и за структурата на приговорите во усната комуникација. Следните норми беа нагласени:

1. Секој говорен чин, вклучувајќи го и чинот на приговарање, се остварува во услови специфични за култураат на дадениот јазик. Неговото формулирање зависи од тоа како во тоа општество се гледа на дадениот прекршок: на пример, во САД одењето преку ред се смета за голем прекршок додека во Македонија тоа е секојдневна појава.

2. Формулирањето на приговорите зависи од возраста, полот и општествениот статус на соговорниците како и од односот меѓу нив. Важна е и тежината на прекршокот. Ако не се соодветно формулирани приговорите може да ги нарушат односите меѓу луѓето.

3. Приговорите треба да се однесуваат на конкретната ситуација и да бидат ефикасни. Говорителите обично отворено го изнесуваат своето негодување, без употреба на завиени и нејасни форми.

4. Во англискиот јазик преовладува негативната учтивост која често бара од приговарачите да ги ублажуваат своите приговори, формулирајќи ги во вид на прашања или барања или со примена на внатрешна или надворешна модификација. Исто така, се препорачува фокусот да не се става врз соговорникот, со што вината директно би се ставила врз него. Но ако говорителите сметаат дека е потребно, тие може и да ги засилат приговорите.

5. Приговорите не треба да бидат реализирани со многу долги искази: треба да се каже она што е неопходно, ни помалку, ни повеќе. Тие не треба да бидат долга низа на зборови бидејќи така може да западнеме во непотребно критикување и обвинување и непотребно да ги заостриме односите.

Дополнителните задачи содржеа практични вежби чија цел беше да ги заокружат сите аспекти претходно наведени како и да создадат можности за повеќе вежбање. Овие активности содржеа анализа на конверзации и споредби, реформулирање на приговорите, правење листи и правење дијалози.

**5. ЗАКЛУЧОК**

Целта на овој труд е да го промовира користењето на емпириските прагматички истражувања во наставата по странски јазици и да даде конкретен пример како научните истражувања може да обезбедат доказ за тоа што изучувачите на странскиот јазик знаат, што треба уште да научат и како да го постигнат тоа. Според тоа, со овој труд сакаме: 1. да ја нагласиме потребата од проширување на научните истражувања во сите сфери на учењето на странските јазици во нашата земја; 2. да покажеме дека научните истражувања имаат практична примена; 3. да дадеме пример како научните истражувања може да се инкорпорираат во наставата по странски јазици; и 4. да ги мотивираме наставниците да ги користат научните истражувања, па и самите да се занимаваат со истражување. Во овој труд покажуваме како вака креираните програми може да се користат за составување е-модули за совладување на откриените проблеми во областа на прагматиката. Се надеваме дека овој труд ќе ги поттикне наставниците да го користат овој приод во својата работа, што од своја страна ќе придонесе за развивање на комуникациските вештини на нивните студенти во јазикот и културата кои ги изучуваат.

Во својата работа на модулите, изучувачите изработија неколку типа на задачи: кус есеј за формулирање на приговарањето, конкретни вежби непосредно по разгледувањето на инструкциите и информациите и Прашалник за пополнување на дискурс, три недели по завршувањето на лекциите. Целта на есејот е да видиме дали изучувачите станале свесни за презентираните аспекти на приговарањето. Конкретните вежби непосредно по инструкциите би требало да ни покажат дали експлицитните инструкции им помагаат на изучувачите да ги забележат и да ги применат карактеристиките кои се во фокусот. Со крајниот Прашалник ќе испитаме дали информациите со кои се стекнале изучувачите се задржуваат во нивната меморија на подолг период. Резултатите од овие активности ќе бидат претставени во некоја друга прилика.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Alcón, E. S., & Martínez-Flor, A. (2008). *Investigating Pragmatics in Foreign Language Learning, Teaching and Testing.* Bristol/Buffalo/Toronto: Multilingual Matters.
[2] Bardovi-Harlig, K. (1999). Exploring the interlanguage of interlanguage pragmatics: A research agenda for acquisitional pragmatics. *Language Learning 49*, 677-713.
[3] Barron, A. (2003). *Acquisition in interlanguage pragmatics.* Amsterdam: John Benjamins Publishing Company.
[4] Blum-Kulka, S., House, J., & Kasper, G. (1989). *Cross-cultural pragmatics: requests and apologies.* Norwood: Ablex Publishing Corporation.
[5] Cohen, A. D. (2017). Teaching and learning second language pragmatics. Во E. Hinkel, *Handbook of research in second language teaching and learning, Vol. 3* (стр. 428-452). New York: Routledge.
[6] Cohen, A. D., & Ishihara, N. (2005). Strategies for learning and performing L2 speech acts. *Intercultural Pragmatics 2 (3),* 275-301.
[7] Council of Europe. (2001). *Common European Framework of Reference for Languages: Learning, teaching, assessment.* Cambridge: Cambridge University Press.

[8] Ishihara, N. (2011). Co-Constructing Pragmatic Awareness: Instructional Pragmatics in EFL Teacher Development in Japan. *TESL-EJ 15 (2)*.
[9] Ishihara, N., & Cohen, A. (2010). *Teaching and learning pragmatics: Where language and culture meet.* London: Longman.
[10] Kasper, G., & Blum-Kulka, S. (1993). *Interlanguage pragmatics.* New York, Oxford: Oxford University Press.
[11] Kusevska, M., Ivanovska, B., & Daskalovska, N. (2017). Pragmaticka kompetencija kaj makedonskite izucuvaci na angliskiot i na germanskiot jazik (Pragmatic competence of Macedonian learners of English and German). Shtip: Goce Delchev University-Shtip
[12] LoCastro, V. (2012). *Pragmatics for language educators. A Sociolinguistic perspective.* New York, NY: Routledge.
[13] McConachy, T., & Hata, K. (2013). Addressing textbook representations of pragmatics and culture. *ELT Journal 67 (3)*, 294-301.
[14] Roever, C. (2009). Teaching and testing pragmatics. Bo M. H. Long, & C. J. Doughty, *The handbook of language teaching* (стр. 560-577). Chichester, UK: Blackwell Publishing Ltd.
[15] Trosborg, A. (2010). *Pragmatics across languages and cultures.* Berlin, New York: Walter de Gruyter GmbH & Co. KG.
[16] Wigglesworth, G., & Yates, L. (2007). Mitigating difficult requests in the workplace: What learners and teachers need to know. *TESOL Quarterly 41*, 791-803.

**Websites**

[17] How to complain without sounding like a jerk. Retrieved from: https://youtu.be/9X0ZKxYOTVE;
[18] Complaining and disagreeing politely and effectively–negatives+mild adjectives. Retrieved from: https://youtu.be/y5lm91xPeuo;
[19] YouTube Complaints. Retrived from: https://www.youtube.com/watch?feature=player_embedded&v=bTPNAF2wsiA;
[20] Translating Your Complaints into Requests for Action. Retrieved from: http://www.newconversations.net/communication-skills-workbook/from-complaints-to-requests/